**ИЗВАДОК ОД ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ОДДРЖАНА НА 14.06.2010 ВО ПРОСТОРИИТЕ НА СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

После првиот јавен повик за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој неделава ќе додели решенија за кофинансирање на триесетината барателите кои што ги исполнуваат условите и можат да ги склучат договорите со Агенцијата.

На огласот објавен декември 2009 година барања за финансиска поддршка поднесоа вкупно 133 апликанти од кои 58 за инвестиции во земјоделски стопанства за преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ, 41 за преработувачки капацитети и модернизација за достигнување на стандардите на ЕУ и 34 за диверсификација и развој на руралните економски активности. На огласот беа понудени вкупно 24,3 милиони евра од кои 19 милиони од буџетот на ЕУ за рурален развој од програмите за 2007, 2008 и 2009 година. Од нив 2,1 милон евра се од програмата за 2007 година, 6,7 милиони за 2008 и 10,2 милиони евра од програмата за 2009 година.

- Во моментов се врши финализирање на контролите на терен за апликантите кои беа оценети како добри за кофинансирање и се очекува во текот на неделава да им бидат доделени решенијата на по 15-тина апликанти во првата и втората група и неколку од третата. Вкупниот износ на средствата по договорите кои ќе им бидат одобрени за кофинансирање изнесува 2,5 милони евра, а вредноста се движи од 4 до 5 милиони евра, рече директорот на Платежната агенција Тони Димовски на денешната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.

Димовски е задоволен од процентот на реализација на првиот оглас и најавува објавување нов оглас во периодот август-септември годинава со цел да се повлечат што е можно повеќе средства од претпристапната помош за петтата компоненета.

- Добро е што уште во првиот оглас Република Македонија успеа да ги искористи средствата за 2007 година, рече Димовски, нагласувајќи дека во првиот оглас се соочиле со некомплетни барања, недоставување изјава за потекло на опремата што е предмет на инвестиција, отстапување во старосната структура на апликантите.